Сертификација
МКС EN ISO/IEC 17021
СТ - 009
Certification

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale

- Сектор за заштита на децата -

Архивски број: 11- 7115/1
Датум: 03 -11- 2023

До: Градоначалници на општини

Предмет: Известување – Последен повик за доставување на апликација за 2024 година

Почитувани,

Во врска со објавениот Јавен оглас на веб страната на Министерството за труд и социјална политика на кој може да аплицираат сите заинтересирани општини кои имаат потреба од изградба, доградба, надградба, адаптација/реконструкција на друг соодветен простор заради пренамена, и опремување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст преку поднесување на Апликации и Проекти, Ве известуваме дека последен повик за доставување на Апликации и Проекти е до 01.12.2023 година.

Проектите потребно е да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Службен весник на Р.М. бр.28/14, 136/14, 40/14, 71/15, 170/16, 151/18 и Службен весник на Р.С.М. бр.110/22).

Со цел надминување на проблемите кои произлегуваат од проектите кои не се изработени во целост по стандардите и нормативите за вршење на дејноста, Ве известуваме дека потребно е:

1.Општините пред да ангажираат фирма за изработка на основен проект, да достават до МТСП допис со известување за намера за изготвување на проект со прилог документација за локацијата, со што би се потврдила имотната состојба (парцелата треба да е во сопственост или дадена на трајно користење на општината која аплицира ) и соодветната урбанистичка намена на земјиштето – В2 (здравство и социјална заштита).

2.По добивање на потврда за соодветноста на локацијата од стручните лица од Министерството, општините можат да ангажираат фирма за изготвување на проект која треба да биде отворена за соработка и сугестии од стручните лица од МТСП.

3.Пред да се почне со постапката за изработка на идејно решение треба да бидат испочитувани одредбите од член 4 став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за вршење на дејноста на установите за деца, поточно при избор на локацијата на земјиштето треба да се има предвид:

- на децата да им се обезбеди најмалку 15м2 земјиште, а по исклучок не помалку од 8м2 ако во непосредна близина на објектот има развиена зелена површина која ќе


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

која ќе се користи за игра на децата;
-локацијата треба да е приклучена на постоечка инфраструктура;
- ако нема постоечка инфраструктура или е недоволно димензионирана, истата треба да се обезбеди;
- при избор на локација се препорачува парцелата да е на рамен терен;
- на детето треба да му биде обезбедна сигурност на патот до објектот на детската градинка како и до рекреативните и парковните површини, вклучувајќи го целото земјиште на објектот;
- локацијата треба да биде заштитена од бучава и концетрација на штетни материи во воздухот, кои не ги надминуваат дозволените рамки пропишани за станбени населби.

4.Во почетна фаза на изработка на проектот, потребно е општината да побара средба со претставници на МТСП за презентација на идејното решение на проектот и истото да се одобри дека идејното решение е во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

5.Доколку има потреба од консултации за време на изработка на основниот проект, општината може да побара состанок, а дополнително пред предавањето и заверката на основниот проект, потребно е истиот да се одобри од страна на стручните лица од МТСП дека ги исполнува сите пропишани стандарди и нормативи.

Сите проекти, без разлика на изворот на финансирање на истите, потребно е **задолжително** да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Службен весник на Р.М. бр.28/14, 136/14, 40/14, 71/15, 170/16, 151/18 и Службен весник на Р.С.М. бр.110/22).

Проектите, заедно со Апликацијата, да се испратат по пошта до: **Министерство за труд и социјална политика, ул.Даме Груев бр. 14 – Скопје до Сектор за заштита на децата со назнака: „Јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерство за труд и социјална политика за 2024 година“**, најдоцна до 01.12.2023 година.

Со почит,

Министер,
Јованка Тренчевска

Изработил:Е.Ајети
Контролирал:П.Топузоска
Одобрил:В.Ристовска
Согласен:Љ.Панова


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk